Бр./Nr 12-2327/1
01-07-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-1163/1 од 26.03.2025 година, оформен по пријава со наводи против службени лица вработени во Општина --------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1163/1 од 26.03.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, преку електронска пошта на ден 26.03.2025 година, поднесена е пријава со наводи на сомневање за незаконско узурпирање на пат во населба ------, по што оформен е предмет број 12-1163/1 од 26.03.2025 година.

Имено, се наведува дека, во населба ------, КП ---, на ул. ------, на незаконит начин со години бил узурпиран пат, иако истиот бил предвиден во Деталниот урбанистички план, додека општината не преземала мерки за негова санација.

Со цел утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Општина -------- и до Јавното претпријатие за државни патишта, а од увидот во прибавената документација ДКСК го констатира следното:

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од страна на општинскиот градежен инспектор при Општина -------, бил извршен вонреден инспекциски надзор на лице место на ул.------, на КП --- КО ------ и било констатирано:
На посочената локација не биле забележани градежни активности, а воедно не е забележано узурпирање на пат или обид за времено узурпирање на државно земјиште каде е предвидено пат, односно, било констатирано дека на посочената Катастарска парцела има ниско и високо зеленило на едната страна, додека на другата страна има изградено постоечки објекти со заградени дворни места со огради.
Исто така, се наведува дека согласно Деталниот урбанистички план (ДУП) за КП ---, на просторот каде што е зеленилото, Општината има предвидено паркинг простор, како и дека во истиот ДУП се предвидени и постоечките објекти.

Додека, Јавното претпријатие за државни патишта во одговорот посочува дека на наведената локација не поминува државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување, од причина што за конкретниот случај постапил надлежен орган кој не констатирал узурпирање на пат, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата